Архивски број: 4028/6/1
Датум: 30.07.2025 година

Врз основа на член 188 став 6, член 212 став 17 од Законот за социјалната заштита (Службен Весник на РСМ бр.104/19, бр.146/19, бр.275/19, бр.302/20, бр.311/20, бр.163/21, бр.294/21, бр.99/22, бр.236/22, бр.65/23), член 22 и член 23 од Законот за работни односи (Службен весник на РМ бр.62/05, бр.106/08, бр.161/08, бр.114/09, бр.130/09, бр. 50/10, бр.52/10, бр.124/10, бр.47/11, бр.11/12, бр.39/12, бр.13/13, бр.25/13, бр.170/13, бр.187/13, бр.113/14, бр.20/15, бр.33/15, бр.72/15, бр.129/15, бр. 27/16, бр.120/18, бр.110/19, бр.267/20, бр.151/21, бр.288/21, бр.111/23, бр.39/25,бр.74/25, бр.124/25), а во врска со член 20-д од Законот за вработените во јавниот сектор (Службен Весник на Република Македонија бр.27/2014, бр.199/2014, бр.27/16, бр.35/18, бр.198/18, бр.143/19, бр.14/20, бр.208/24), ВД Директорот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Куманово донесе:

**ОДЛУКА**
**за не вршење избор на еден кандидат за вработување на определено време**

1. За работно место **СО30303Б02013 Систем оператор за внес** – Помошно стручен службеник од II ниво, Служба за услуги од социјална заштита - 1 (еден) извршител **не се врши избор**.
2. Донесената одлука ќе биде објавена на огласната табла и на веб страната на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Куманово.
3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

ВД Директорот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Куманово на ден 24.07.2025 година во дневните весници „Слободен печат" и „Лајм" објави јавен оглас 02/2025 за вработување на определено работно време до 31.12.2025 година на 7 (седум) извршители.

Со Решение број 4028/3 од 30.07.2025 година ВД Директорот формира Комисија за селекција за вработување на 7 (седум) извршители по пат на јавен оглас во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Куманово на определено работно време до 31.12.2025 година.

Комисијата за селекција во функција на спроведување на постапката по објавениот јавен оглас број 02/2025 ја спроведе постапка во две фази: административна селекција и интервју за наведените работни места. По завршената административна селекција и интервјуто, Комисијата состави Ранг листа на кандидати и Предлог кандидати за вработување и истите ги достави до ВД Директорот.

Во Предлогот Комисијата предлага да не се врши избор на еден извршител за работно место - **СО30303Б02013 Систем оператор за внес** – Помошно стручен службеник од II ниво, Служба за услуги од социјална заштита бидејќи за работното место нема кандидат.


Јавна установа меѓуопштински центар за социјална работа Куманово
Ул. Тодор Велков бр. 4 Куманово Република Северна Македонија
+389 31438 160
www.jumcsrkumanovo.com.mk
e-mail:jumcsrKumanovo@mtsp.gov.mk

**- ЈАВНА УСТАНОВА МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА КУМАНОВО -**

**Име на сектор**

Врз основа на горенаведеното, согласно член 212 став 17 од Законот за социјалната заштита , ВД Директорот донесе одлука како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против оваа Одлука може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 8 дена по приемот на оваа одлука.

**ВД ДИРЕКТОР**
**Erdi Mehmeti**

**Доставено до:**
- Досие
- Предмет
- Огласна табла
- Архива


Јавна установа меѓуопштински центар за социјална работа Куманово
Ул„ Тодор Велков бр. 4 Куманово
+389 31438 160
www:jumcsrkumanovo.com.mk